**ОПШТИНА КАРПОШ**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број: 11-3441/6
Датум: 16.09.2020
Скопје

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното:

## СООПШТЕНИЕ

За организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско Урбанистички Проект за препарцелација и формирање на две нови градежни парцели ГП 6.33.1 и ГП 6.33.2 од ГП 6.33 (КП 2336/1 и дел од КП 2336/2, КО Карпош) од ДУП за Градска четврт 309, опфат меѓу Бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, Бул. Македонија и Бул.8ми Септември, Општина Карпош - Скопје, ќе се одржи од 21.09.2020 година до 25.09.2020 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско Урбанистички Проект за препарцелација и формирање на две нови градежни парцели ГП 6.33.1 и ГП 6.33.2 од ГП 6.33 (КП 2336/1 и дел од КП 2336/2, КО Карпош) од ДУП за Градска четврт 309, опфат меѓу Бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, Бул. Македонија и Бул.8ми Септември, Општина Карпош - Скопје ќе се одржи на ден 23.09.2020 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Со архитектонско-урбанистичкиот проект се врши препарцелација и формирање на две нови градежни парцели ГП 6.33.1 и ГП 6.33.2 со површина од 292m$^2$ и 314m$^2$, од ГП 6.33 од ДУП за Градска четврт 309, опфат меѓу Бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, Бул. Македонија и Бул.8ми Септември, Општина Карпош - Скопје. Ваквото решение е овозможено со член 51, став 4, алинеја 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18).

Анкетните листови за учество за Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-Урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Архитектонско Урбанистички Проект за препарцелација и формирање на две нови градежни парцели ГП 6.33.1 и ГП 6.33.2 од ГП 6.33 (КП 2336/1 и дел од КП 2336/2, КО Карпош) од ДУП за Градска четврт 309, опфат меѓу Бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, Бул. Македонија и Бул.8ми Септември, Општина Карпош - Скопје и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да доставаат забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-Урбанизам, согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Стефан Богоев

STEFAN BOGOEV
Digitally signed by STEFAN BOGOEV
Date: 2020-09-17 14:37+02:00